Врз основа на член 67 став (5) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 248/23), а во врска со член 81 став (3) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20,151/21, 288/21,111/23, 39/25,74/25 и 124/25), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛА
## за работниот ред и дисциплина во Службата на Собранието на Република Северна Македонија

### Член 1

Вработените во Службата на Собранието на Република Северна Македонија се должни:

1. Совесно и навремено да ги извршуваат работните задачи и обврски согласно актите за внатрешна организација и систематизација и другите прописи и акти донесени од претседателот на Собранието и генералниот секретар на Собранието;
2. Да не одбиваат извршување на работни задачи кои им се доверени согласно актите за внатрешна организација и систематизација и другите прописи и акти донесени од претседателот на Собранието и генералниот секретар на Собранието и работни задачи доверени од непосредниот раководител или генералниот секретар;
3. Да се однесуваат пристојно и професионално на работното место;
4. Да се придржуваат на работното време, распоредот и користењето на работното време;
5. Навремено писмено да го известат претпоставениот за отсуството од работа;
6. Да не ги користат за лични потреби и да не ги даваат на трето лице средствата за работа на Собранието;
7. Во текот на работното време да не извршуваат работи кои не произлегуваат од нивните работни задачи или им се доверени од непосредниот раководител или генералниот секретар на Собранието;
8. Неовластено да не даваат изјави во медиуми за активностите на Собранието;
9. Да не објавуваат авторски текстови во средствата за јавно информирање со кои се нарушува угледот на Собранието;
10. Во своето однесување и дејствување надвор од работата, во претставувањето на јавни настани, на социјалните мрежи или во каков било друг облик на комуникација, да претставуваат пример за соодветно и достоинствено однесување и да не го нарушуваат угледот на Собранието;
11. Да не го застапуваат своето политичко уверување во текот на работното време;
12. Да не оддаваат деловна, службена или државна тајна;
13. Со личните податоци да постапуваат согласно со закон;
14. Да не го злоупотребуваат боледувањето;
15. Да не внесуваат и употребуваат алкохол и наркотични средства;
16. Да посветуваат внимание на изгледот и начинот на облекување, за да не предизвикаат впечаток на непристојност и нарушување на угледот на Собранието;

17. Да постапуваат совесно и во согласност со техничките упатства за работа со средствата за работа на Собранието;
18. Веднаш да го известат претпоставениот ако настане штета, грешка во работењето или загуба;
19. Да не ги користат за приватни цели службените простории, имот и опрема на Собранието;
20. Да ги почитуваат прописите за заштита при работа или да ги одржува средствата и опремата за заштита при работа;
21. Да се воздржат од сите постапки кои би предизвикале штета или би го нарушиле угледот на Собранието во и по истекот на работното време;
22. Да ги почитуваат другите правила за работен ред и дисциплина кои се утврдени со закон или со акти донесени од претседателот на Собранието и генералниот секретар на Собранието.

**Член 2**

Овие правила влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се истакнат на огласната табла на Собранието и ќе се објават на интернет страницата на Собранието.

Број 01-370/1

16 јануари 2026 година

Скопје

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

Марина Димовска